Уп. Бр.08-52/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на физичките лица Себастијан Хип, *XXX и Штефан Хип *XXX преку Мартин Иванов, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 23.03.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на физичките лица Себастијан Хип, *XXX и Штефан Хип, *XXX над друштвата Хип Холдинг АГ, Бринигштрасе 141, 6072 Захселн, Швајцарија и Хип и Цо., Бринигштрасе 141, 6072 Захселн, Швајцарија, по пат на купопродажба на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 28.02.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на физичките лица Себастијан Хип, *XXX и Штефан Хип *XXX, со која ќе стекнат заедничка контрола над друштвата Хип Холдинг АГ, Бринигштрасе 141, 6072 Захселн, Швајцарија и Хип и Цо., Бринигштрасе 141, 6072 Захселн, Швајцарија, *XXX

***XXX – Доверливи информации**

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Групацијата на компании Хип е германски семеен бизнис.

**Г-дин Себастијан Хип и г-дин Штефан Хип** се членови на семејството и косопственици на компаниите во рамките на групацијата Хип.

**Хип Холдинг АГ и Хип и Ко.** припаѓаат на групацијата Хип која е германски семеен бизнис. Групацијата Хип е производител и дистрибутер на храна за бебиња. Некои од производите од асортиманот на групацијата Хип се детска формула, кашички, чаеви, храна и пијалоци за бебиња при одвикнување, додатоци во исхраната, чаеви за хранење, сокови за хранење, производи за нега на бебешка кожа. Производните локации на групацијата Хип моментално се наоѓаат во Германија, Хрватска, Австрија, Русија, Швајцарија, Украина, Унгарија. Клиентите на групацијата Хип се главно продавници за храна и аптеки.

*XXX, но истата остварува приходи од продажба на производи преку своите брендови Хип и Бебивита.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

***XXX – Доверливи информации**

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Проф. д-р Владимир Наумовски**

*XXX – Доверливи информации